РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Бр.24-~~9847/~~ 809/1
25 -01- 2013 год.
Скопје

Врз основа на член 205 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/05, 110/08 и 51/11) и член 53 став 2 од Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр.136/12), а согласно Барањето за издавање на дозвола за експлоатација на минерална суровина – керамичка глина од лежиштето помеѓу селата Жиганци и Пишица, општина Чешиново-Облешево поднесено од страна на ТОНДАХ-МАКЕДОНИЈА акционерско друштво Виница, со број 24-9847/1 од 30.11.2012 година, министерот за економија ја издава следната

## ДОЗВОЛА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА

1. На ТОНДАХ-МАКЕДОНИЈА акционерско друштво Виница му се дозволува експлоатација на минералната суровина – керамичка глина од лежиштето помеѓу селата Жиганци и Пишица, општина Чешиново-Облешево (во понатамошниот текст: Концесоинерот).
2. Оваа дозвола е со рок на важење до 01.03.2014 година, доколку не дојде до измена на условите под кои и е доделена концесијата со Договорот за концесија за експлоатација на минералната суровина – керамичка глина од лежиштето помеѓу селата Жиганци и Пишица, општина Чешиново-Облешево, склучен помеѓу Владата на Република Македонија и ТОНДАХ-МАКЕДОНИЈА акционерско друштво Виница бр.24-9431/1 од 14.11.2007 година (во понатамошниот текст: Договорот за концесија).
3. Концесискиот простор е определен согласно Договорот за концесија, кој изнесува Р=1,125км$^2$, ограничен со координатни точки меѓу себе поврзани со прави линии, нанесени и вцртани на топографска карта во мерка М=1:25000 во Гаус – Кригерова проекција.
4. Експлоатацијата на минералната суровина од точка 1 од оваа дозвола ќе се врши на експлоатациониот простор дефиниран со Главниот рударски проект кој е составен дел на оваа дозвола, определен со координатни точки меѓу себе поврзани со прави линии, нанесени и вцртани на топографска карта во мерка М=1:25.000 во Гаус – Кригерова проекција на површина од 0,007804км$^2$ и тоа:

| Точка | Координата<br>У | Координата<br>Х |
|---|---|---|
| Т-1 | 7602233 | 4637431 |
| Т-2 | 7602167 | 4637402 |
| Т-3 | 7602147 | 4637439 |
| Т-4 | 7602154 | 4637443 |
| Т-5 | 7602134 | 4637480 |
| Т-6 | 7602221 | 4637532 |
| Т-7 | 7602246 | 4637496 |
| Т-8 | 7602210 | 4637470 |

5. Експлоатацијата на минералната суровина – керамичка глина ќе се врши на површината од точка 4 од оваа дозвола и тоа на КП број 347 и КП број 345/2 , КО Пишица, односно на површината определена со Главниот рударски проект.

6. Начинот и условите на експлоатација на минералната суровина –керамичка глина, предмет на оваа дозвола, како и количините на истите ќе се врши согласно Главниот рударски проект кој е составен дел на оваа дозвола, како и врз основа на законот и прописите донесени врз основа на него, останатата приложена техничка документација односно Решението за одобрување на Елаборатот за оценка на влијанието врз животната средина, Водостопанската и Сообраќајната согласност, Договорот за концесија, како и останатите стандарди и технички нормативи.

7. Во однос на условите содржани во водостопанската согласност концесионерот треба да постапува во условите и решенијата содржани во истата и тоа:

   - Експлоатацијата да се врши според доставената техничка документација, а доколку во текот на експлоатација се наложи потреба од измена и дополнување на усвоеното решение од водостопански аспект, за истото да се бара повторна согласност од надлежниот орган.
   - При експлоатација на песок не смее да се предизвикаат негативни влијанија врз површинските и подземните води на наоѓалиштето или во негова околина ниту пак со пристапните патишта кои се наменети за функција на ова наоѓалиште. Доколку дојде до евентуално нарушување на режимот на водите инвеститорот е должен најитно да превземе мерки за отстранување на таквата состојба.
   - Доколку при експлоатација се зафатат или оштетат постојни водостопански објекти (канали за наводнување и одводнување, цевководи и др.) инвеститорот е должен веднаш истите да ги доведе во функционална состојба, а предизвиканата штета да ја надомести на своја сметка.
   - При експлоатацијата да се превземат сите неопходни потребни мерки да се спречи загадувањето на површинските и подземните води со истурање на нафта и нафтени деривати.

- За време на експлоатација да се превземат сите потребни мерки за заштита наведени во Главниот рударски проект.

8. Согласно Елаборатот за заштита на животната средина, со број 006/10 од 14.09.2010 година, Управата за животна средина и просторно планирање укажува на обврската на концесионерот целосно и без исклучоци да се придржува кон пропишаниот режим и мерки за заштита предвидени во Елаборатот за заштита на животната средина, како и кон дополнителни решенија доколку низ работата на површинскиот коп се покаже потреба од зголемен обем и вид на превенција.
9. Во однос на Сообраќајната согласност Концесионерот е должен да ги почитува условите определени во Одлуката за користење на пристапни патишта од страна АД "Тондах-Македонија" Виница, издадено од Совет на општина Чешиново-Облешево.
10. Концесионерот при изведување на рударските работи за експлоатација е должен да врши рударски мерења и да поседува рударски планови, да ги спроведува мерките за заштита при работа, навремено да превзема мерки за безбедност на граѓаните, нивниот имот, сообраќајот и соседните објекти.
11. Концесионерот е должен да води евиденција на произведените количини на минерална суровина во пишана форма.
12. Концесионерот е должен еднаш годишно во периодот од 1 октомври до 15 ноември во тековната година да изврши геодетско снимање и да изготви геодетски елаборат со пресметка на откопаната количина на минералните суровини, во кој прецизно ќе се дефинираат количините на откопаната количина на минерална суровина и периодот во кој тоа е извршено, а најдоцна до 31 декември во тековната година. Геодетскиот елаборат да го достави до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.
13. Рекултивацијата на земјиштето на кое се врши или вршела експлоатацијата на минералната суровина, Концесионерот е должен да ја изврши на начин и под услови определени со документацијата од точка 6 од оваа дозвола и да спроведува на своја сметка мерки за заштита на животната средина, природата и културното наследство.

## *О б р а з л о ж е н и е*

ТОНДАХ-МАКЕДОНИЈА акционерско друштво Виница до Министерството за економија поднесе Барање за издавање на дозвола за експлоатација на минералната суровина - керамичка глина од лежиштето помеѓу селата Жиганци и Пишица, општина Чешиново-Облешево број 24-9847/1 од 30.11.2012 година, при што ја приложи следната документација:

1. Договорот за концесија за експлоатација на минералната суровина - керамичка глина од лежиштето помеѓу селата Жиганци и Пишица, општина Чешиново-Облешево бр.24-9431/1 од 14.11.2007 година.
2. Главен рударски проект за експлоатација на керамичка глина од лежиштето помеѓу селата Жиганци и Пишица, општина Чешиново-

Облешево, изработен од РИ РУДИНГ Скопје, заедно со Ревизиска клаузула издадена од Комисијата за вршење на стручна оцена (ревизија) на рударски проекти бр.24-2138/6 од 30.01.2012 година.

3. Доказ за решени имотно правни односи во делот на земјиштето каде што ќе се врши експлоатација на минералната суровина, предмет на концесијата и тоа на КП број 347 КО Пишица по Имотен лист бр.181, издаден од Агенција за катастар на недвижности Пробиштип бр.1105-3281/2012 од 11.12.2012 година и КП број 345/2 КО Пишица по Имотен лист бр.376, издаден од Агенција за катастар на недвижности Пробиштип бр.1105-3282/2012 од 11.12.2012 година. Користењето на овие катастарски парцели е уредено со Договори за закуп на недвижен имот за КП бр.347 со површина од 4600м$^2$ и за КП бр.345/2 со површина од 3100м$^2$ за период од 3 (три) години почнувајќи од 01.03.2011 година до 01.03.2014 година. За оваа цел е изработен Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за К.О.Пишица, бр. 45/11-2 од 14.11.2012 година од страна на ДППГР "ГЕО КАРТА" ДОО Кочани.
4. Решение за одобрување на Елаборатот за заштита на животна средина средина, издадено од Министерството за животна средина и просторно планирање, Управа за животна средина бр. 11-8908/2 од 02.11.2010 година;
5. Решение за одобрување на водостопанска согласност издадена од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – Управа за водостопанство бр.12-1942/2 од 11.06.2010 година.
6. Сообраќајна согласност- Одлука за користење на пристапни патишта од страна АД "Тондах-Македонија" Виница, издадено од Совет на општина Чешиново-Облешево со број 0701-544/1 од 24.03.2010година.
7. Договор за вршење на усула-мерење на глина, склучен помеѓу ТОНДАХ-МАКЕДОНИЈА акционерско друштво Виница и ЕУРО ПРОИЗВОД ДООЕЛ Облешево, заверен кај Нотар Стојмир Николов за подрачјето на Основниот суд во Виница УЗП бр. 5934/2012 од 17.12.2012 година; Потврда за извршени услуги на мерила за маса (вага) бр.1345, издадена од ДПТУ " МАКМЕРА ПЛУС" ДООЕЛ Скопје од 8.11.2011 година; Записник бр.3597-11/004502 (Жиг налепница бр.023765) од 8.11.2011 година од Министерство за економија-Биро за метрологија и Записник бр.3594-11/004501 (Жиг налепница бр.023764) од 8.11.2011 година од Министерство за економија-Биро за метрологија.

По приемот на Барањето, Министерството за економија изврши увид во доставената документација и констатира дека Барањето за издавање на дозвола за експлоатација заедно со приложената документација е во согласност со закон и прописите донесени врз основа на истиот и затоа се одлучи како во диспозитивот.

<u>Поука</u>: Против оваа дозвола може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена, сметано од денот на приемот на оваа дозвола.

Административната такса во износ од 600,00 денари е наплатена согласно со Законот за административни такси ("Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10 и 17/11).

**МИНИСТЕР,**
**Valon Saraqini**

Изработил: Снежана Трајановска-Богоева
Контролирал: Александра Митреска
м-р Ејуп Љатифи
Одобрил: Анче Трифунов

Топографска карта на концесиски простор
1:25000

Локалитет: Жиганци и Пишинца-Чешиново - Облешево

Минерална суровина: Керамичка Глина

Површина = 0.007804 км2




| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7602233 | 4637431 |
| 2 | 7602167 | 4637402 |
| 3 | 7602147 | 4637439 |
| 4 | 7602154 | 4637443 |
| 5 | 7602134 | 4637480 |
| 6 | 7602221 | 4637532 |
| 7 | 7602246 | 4637496 |
| 8 | 7602210 | 4637470 |